ЗАПИСНИК
од 2-ра седница на Советот на Општина Новаци,
одржана на ден 13.11.2025 година, со почеток во 12:00 часот
во просториите на општинската зграда во Новаци

На седницата присуствуваа советниците: Илче Трајковски, Горан Велјановски, Весна Котевска, Игор Марковски, Иванчо Петковски, Македонка Соклевска, Ропче Ангелковски, Иванчо Котевски и Васко Секуловски.

На седницата присутен беше и Градоначалникот на Општина Новаци, Стевче Стевановски.

Од општинската администрација присутни беа: Анета Киселоска-Раководител на Одделение за правни работи, општи и јавни дејности, Александра Ангелевска-Помлад соработник и Оливера Димитровска-Раководител на одделение за финансиски прашања.

Претседателот на Советот Илче Трајковски ја отвори седницата, ги поздрави советниците и го предложи следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 1ва конститутивна седница на Совет на Општина Новаци;
2. Разгледување и донесување на Програма за зимско одржување на проодноста на општинските патишта и улици на територијата на Општина Новаци за сезоната 2025/26;
3. Разгледување и донесување на План на програма за развој на Општина Новаци за период од 2025-2027 год.;
4. Разгледување и донесување на План на програма за развој на Општина Новаци за период од 2026-2028 год.;
5. Разгледување и донесување на Одлука за пренамена на средства на Буџетот на Општина Новаци за 2025 год.;
6. Разгледување на Барање од Пелагониско-научни средби 2025 год;
7. Советнички прашања.

Предложениот дневен ред советниците го усвоија со **9** гласа **ЗА**

Точка 1 Разгледување и усвојување на Записникот од 1ва конститутивна седница на Совет на Општина Новаци

По разгледувањето на Записникот од 1ва конститутивна седница, истиот беше ставен на гласање. Записникот беше усвоен со **9** гласа **ЗА.**

Точка 2 Разгледување и донесување на Програма за зимско одржување на проодноста на општинските патишта и улици на територијата на Општина Новаци за сезоната 2025/26

По однос на оваа точка Раководителката Анета Киселоска му образложи на советниците што претставува програмата, колку изнесува вредноста на програма и

дека обврска на Општината е да ја носи оваа програма секоја година. Таа го повика Филип Радевски-вработен во општина Новаци да ја дообразложи програмата.

По завршувањето на дискусијата Програмата беше ставена на гласање и беше усвоена со **9** гласа **ЗА.**

Точка 3 Разгледување и донесување на План на програма за развој на Општина Новаци за период од 2025-2027 год.

По однос на оваа точка Раководителката Оливера Димитровска детално го образложи Планот на програмата за развој и потенцира дека се однесува за атмосферска и канализациона мрежа во индустриската зона. Образложи за добиените средства од Владата на РСМ и учеството на Општината во проектот. По завршувањето на дискусијата Претседателот ја стави точката на гласање.

План на програма за развој на Општина Новаци за период од 2025-2027 год. беше усвоена со **8** гласа **ЗА** и **1 ВОЗДРЖАН.**

Точка 4 Разгледување и донесување на План на програма за развој на Општина Новаци за период од 2026-2028 год.

Раководителката Оливера Димитровска го образложи Планот на програмата за развој и кажа дека се однесува за изградба на патишта и улици во индустриската зона. Исто така додаде дека за добиените средства од Владата на РСМ, учеството на Општината во проектот и планираниот рок за финална фаза на проектот за изградба на нови улици согласно урбанистичкиот план изнесува 3 години.

Советникот Иванчо Котевски постави прашање до Градоначалникот: Дали инвеститорите ќе помогнат со учество во поставувањето на инсталацијата за струја.

Градоначалникот одговори дека така е предвидено и дека тоа ќе биде дополнително договорено со инвеститорите.

Советникот Васко Секуловски постави прашање: Дали средствата од овај развоен план се однесуваат само на индустриската зона или и за други патишта низ општината. Градоначалникот објасни дека овај развоен план се однесува само на индустриската зона. По завршувањето на дискусијата Претседателот ја стави точката на гласање.

План на програма за развој на Општина Новаци за период од 2026-2028 год.
беше усвоен со **8** гласа **ЗА** и 1 **ВОЗДРЖАН.**

Точка 5 Разгледување и донесување на Одлука за пренамена на средства на Буџетот на Општина Новаци за 2025 год.

Раководителката Оливера Димитровска исто така ја образложи и оваа точка и кажа дека неопходно е да се направат измени во некои ставки од Буџетот и дека повеќето се однесуваат на мали ставки како трошоци за репрезентација, ставка за урбанизам, училиштите Славко Лумбарковски и т.н.

Претседателот ја стави точката на гласање.

Одлука за пренамена на средства на Буџетот на Општина Новаци за 2025 год.
беше усвоена со **9** гласа **ЗА.**

Точка 6 Разгледување на Барање од Пелагониско-научни средби 2025 год.

Претседателот: Оваа точка ја разгледа Комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР и предлажи да им се одобрат средства во износ од 25 000 денари, финансиска помош за

печатење на Зборник бр. 20 на Пелагониските средби. Потаа точката беше ставена на гласање.

Точката беше усвоена со **9** гласа **ЗА.**

Точка 7 Советнички прашања

Советникот Иванчо Котевски даде предлог да се изработи еден вид на табло со сите изминати Градоначалници и Советници во Општина Новаци и истото да се истакне на некое значајно место во општината.

Советничката Македонка Соклевска праша кога ќе се разгледува предметот - Јавен повик за субвенционирање на возачки дозволи. Раководителката Анета Киселоска му објасни дека тоа според Правилникот треба да го направи Комисијата за финансирање, буџет и лер и дека Комисијата треба да закажи седница наредната недела. Исто така советничката Македонка Соклевска праша дали општината има и други програми кои ќе се разгледуваат на Совет.

Раководителката Оливера Димитровска заедно со Градоначалникот одговорија дека ќе има и други програми и дека ќе бидат објаснети кога ќе бидат дел од дневниот ред на некоја наредена седница.

Бидејќи немаше други советнички прашања Претседателот ја затвори седницата.

Седницата заврши во 13:15 часот

Записничар
Александра Ангелевска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Илче Трајковски